специјал

# Minority NEWS

месечен билтен за животот на малцинските заедници во Србија

ОКТОМВРИ 2014

специјално издание по повод изборот за национални совети на националните малцинства

## Избори за Национален совет на македонското национално малцинство



# Една петтина од граѓаните на Србија ги избираат своите претставници

## 26 ОКТОМВРИ 2014.

www.izbori.minoritynews.rs


ИЗАЂИ И ГЛАСАЈ!
ИЗЛЕЗИ И ГЛАСАЈ!
26.10.2014.
Избори за Национални савет македонске националне мањине
Избори за Национален совет на македонското национално малцинство
Centar za istraživanja migracija
Center for Migration Studies
USAID | SERBIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE
International Republican Institute
IRI
advancing democracy worldwide

# РОКОВНИК

| Ред.број | Дејствие | Рок |
|---|---|---|
| **1. Обрасци и правила** | | |
| 1.1 | Пропишување и објавување на обрасци и правила за спроведување на изборни дејствија | најдоцна до 30 август во 24 часот |
| **2. Органи и тела за спроведување избори** | | |
| 2.1 | Донесување одлука за утврдување на бројот, составот и подрачјата на работа на работните тела | најдоцна до 25 септември во 24 часот |
| 2.2 | Доставање предлози за членовите на работните тела | во рок од пет дена од донесува-њето на одлуката од точката 2.1. |
| 2.3 | Формирање на работни тела | најдоцна до 5 октомври во 24 часот |
| 2.4 | Доставување на предлози за членови на избирачки одбори до Републичката изборна комисија | најдоцна до 10 октомври во 24 часот |
| 2.5 | Формирање на избирачки одбори | најдоцна до 15 октомври во 24 часот |
| 2.6 | Замена на член на избирачки одбор | најдоцна до 20 октомври во 24 часот |
| **3. Изборна листа** | | |
| 3.1 | Поднесување на изборна листа | до 10 октомври во 24 часот |
| 3.2 | Прогласување на изборната листа | веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од часот на приемот на изборната листа, ако ги исполнува условите |
| 3.3 | Повлекување на изборната листа | до денот на утврдувањето на збирната изборна листа, односно најдоцна до14 октомври во 24 часот |
| 3.4 | Утврдување и објавување на збирната изборна листа во „Службени гласник Републике Србије“ | 15 октомври |
| 3.5 | Право на увид во документацијата која е поднесена кон прогласената изборна листа | во рок од 48 часа од денот на обавува-њето на збирната изборна листа |
| **4. Избирачки места** | | |
| 4.1 | Доставување на податоци до Министерството за правда за бројот на из-бирачите кои на денот на изборот ќе се наоѓаат во притвор ... | најдоцна до 30 септември во 24 часот |
| 4.2 | Одредување и објавување на избирачките места во „Службени гласник Републике Србије“ | најдоцна до 5 октомври во 24 часот |
| **5. Посебни избирачки списоци** | | |
| 5.1 | Упис и промена во посебен избирачки список од страна на општинска/градска управа | до заклучувањето на посебниот избирачки список,односно најдоцна до 10 октомври |
| 5.2 | Донесување на решение за заклучување на посебните избирачки списоци на националните малцинства | 10 октомври |
| 5.3 | Доставување на решението за заклучување на посебните избирачки списоци до Републичката изборна комисија | 11 октомври |
| 5.4 | Објавување на решението за заклучување на посебни избирачки спи-соци во „Службени гласник Републике Србије“ | 11 октомври |
| 5.5 | Доставување до Републичката изборна комисија на заверени изводи од посебните избирачки списоци | до 12 октомври во 24 часот |
| 5.6 | Упишување и промени во посебниот избирачки список од страна на Министерството за државна управа и локална самоуправа по заклучувањето на посебниот избирачки список | од заклучувањето на посебниот из-бирачки список до 22 октомври во 24 часот |
| 5.7 | Прием во Републичката изборна комисија на решенијата на Министерството за државна управа и локална самоуправа врз кои се засноваат промените во по-себниот избирачки список по заклучувањето на посебниот избирачки список | до 23октомври во 24 часот |
| 5.8 | Утврдување и објавување во „Службени гласник Републике Србије“ на конечниот број на избирачите за секое национално малцинство | веднаш по истекот на рокот за прием на решенијата врз кои се за-сноваат промените во посебниот избирачки список по заклучувањето на посебниот избирачки список |
| **6. Претставници на предлагачите и набљудувачи** | | |
| 6.1 | Известување на предлагачите на прогласената изборна листа за пре-тставниците за следење на работата на Републичката изборна комисија | до 20 октомври |
| 6.2 | Известување на предлагачите на прогласената изборна листа за пре-тставниците за следење на работата на избирачките одбори | до 15 октомври |
| 6.3 | Поднесување пријава за следење на работата на органите за спроведу-вање на изборите – домашни набљудувачи | до 20 октомври |
| 6.4 | Поднесување пријава за следење на работата на органите за спровед вање на изборите, односно работата на избирачките одбори – странски набљудувачи | до 15 октомври |
| **7. Спроведувањена избори** | | |
| 7.1 | Доставување на известување на избирачите за денот и времето на одржувањето на изборите | најдоцна до 20 октомври |
| 7.2 | Предавање на изборниот материјал на работните тела пред гласањето | најдоцна до 22октомври во 24 часот |
| 7.3 | Предавање на изборниот материјал на избирачките одбори | најдоцнана 23 октомври во 24 часот |
| 7.4 | „Предизборен молк” – забрана на изборна пропаганда | од 23 октомври во 24 часот до затворањето на избирачките места на 26 октомври во 20 часот |
| 7.5 | Отворање на избирачките места и гласање | 26 октомври од 7 до 20 часот |
| **8. Утврдување и објавување на резултатитена изборите** | | |
| 8.1 | Доставување на изборниот материјал до Републичката изборна коми-сија од бирачкото место по гласањето | најдоцна до 27 октомври во 8 часот |
| 8.2 | Утврдување и објавување на извештаи со вкупните резултати на изборите | најдоцна до 30 октомври во 20 часот |
| 8.3 | Увид во изборниот материјал во просториите на Републичката изборна комисија | најдоцна до 31 октомври во 24 часот |
| **9. Заштитана избирачкото право** | | |
| 9.1 | Поднесување на приговор до Републичката изборна комисија | во рок од 24 часа од часот кога е донесена одлуката, извршено дејствието или сторен пропуст |
| 9.2 | Донесување и доставување на решение по приговорот | во рок од 48 часа од часот на приемот на приговорот |
| 9.3 | Жалба до Управниот суда против решението на Републичката изборна комисија по приговорот | во рок од 48 часа од приемот на решението |
| 9.4 | Доставување на приговорот со списите до Управниот суд | во рок од 24 часа од приемотна жалбата |
| 9.5 | Донесување на одлуката по жалба | во рок од 48 часа од приемот на жалбата |
| **10. Додела на мандати и издавање уверение за избор за член на националниот совет** | | |
| 10.1 | Донесување на решение за додела на мандат на членовите на националниот савет | во рок од три дена од денот на утврдувањето на конечните резултатина изборите |
| 10.2 | Доставување на решение за додела на мандат на членовите на нацио-налниот совет до Министерството за државна управа и локална самоуправа и објавување во „Службени гласник Републике Србије” | веднаш по донесување на решението |
| 10.3 | Издавање уверение за избор за член на националниот совет | веднаш по додела на мандатот, доколку не постои управен спор |

# Цртички за изборите за национални совети на националните малцинства

Претстоечките избори се за членови на 20 национални совети. Од тоа, 17 национални совети на националните малцинства ќе се избираат со непосредно изјаснување на припадниците на националните малцинства со директно тајно гласање, додека за 3 национални совети изборите ќе се вршат преку електорски собранија.

## Што се тоа национални совети на националните малцинства?

Националните совети на националните малцинства се уставна категорија која е опишана во членот 75 од Уставот на Србија од 2006. година, за што граѓаните се изјаснуваа непосредно по пат на референдум. Како таква таа е загарантирана со највисокиот правен акт, а регулирана е со посебен Закон за национални совети на националните малцинства.

Законската дефиниција за националниот совет од членот 2 од Законот за национални совети на националните малцинства од 2009. година гласи: **„Поради остварување на право на самоуправа во културата, образованието, известувањето и службената употреба на јазикот и писмото, припадниците на националните малцинства во Република Србија може да изберат свои национални совети. Националниот совет го претставува националното малцинство во областа на образованието, културата, известувањето на јазикот на националното малцинство и службена употреба на јазикот и писмото, учествува во процесот на одлучување или одлучува за прашањата од тие области и основа установи, стопански друштва и други организации од овие области.“**

## Изборно право

Изборното право на припадниците на националните малцинства за избор на националните совети ги вклучува правата на припадниците на националните малцинства:

- да избира членови на националниот совет,
- да биде избран за член на националниот совет,
- да предлага кандидати за членови на националниот совет,
- да биде информиран за изборите за националните совети, за членовите на националните совети, како и за нивните програми,
- да биде запишан во посебниот избирачки список на националното малцинство,
- да гласа за избор на националниот совет, и
- право на заштита на правата во врска со изборот на националниот совет.

**Број на припадници на националните малцинства во Србија според пописот на населението од 2011.година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Унгарци | 253899 | Буњевци | 16706 |
| Роми | 147604 | Русини | 14246 |
| Бошњаци | 145278 | Горанци | 7767 |
| Хрвати | 57900 | Албанци | 5809 |
| Словаци | 52750 | Украинци | 4903 |
| Црногорци | 38527 | Германци | 4064 |
| Власи | 35330 | Словенци | 4033 |
| Романци | 29332 | Руси | 3247 |
| Југословени | 23303 | Останати | 17558 |
| Македонци | 22755 | Не се изјасниле | 160346 |
| Муслимани | 22301 | Регионална припадност | 30771 |
| Бугари | 18543 | | |

## Големина на Националниот совет

Големината на националниот совет ја пропишува Законот за национални совети на националните малцинства имајќи ја предвид бројноста на националното малцинство.

Законот предвидува Националните совети да имаат најмалку 15, а најмногу 35 члена.

Во случај на национално малцинство чиј број според резултатите на последниот попис на населението е помал од 10.000 лица, националниот совет брои 15 члена.

Во случај на национално малцинство чиј број според резултатите на последниот попис на населението е поголем од 10.000 но помал од 20.000 лица, националниот совет брои 19 члена.

Во случај на национално малцинство чиј број според резултатите на последниот попис на населението е меѓу 20.000 и 50.000 лица, националниот совет брои 23 члена.

Во случај на национално малцинство чиј број според резултатите на последниот попис на населението е меѓу 50.000 и 100.000 лица, националниот совет брои 29 члена.

Во случај на национално малцинство чиј број според резултатите на последниот попис на населението е поголем од 100.000 лица, националниот совет брои 35 члена.

## Бојкотирање на пописот на населението

Додека одредени национални малцинства спроведуваа интензивна кампања меѓу своите припадници како би се изјасниле на пописот што поголем број од нив дека припаѓаат на одредена национална заедница, некои национални малцинства го бојкотираа пописот на повик и иницијатива на своите политички лидери.

Таквиот однос кон пописот на населението им предизвика бројни про-

**Националниот совет го претставува националното малцинство во областа на образованието, културата, известувањето на јазикот на националното малцинство и службена употреба на јазикот и писмото**

блеми на припадниците на националните малцинства, во нашиот случај на албанското национално малцинство, кое, освен што е помалку застапено добива и значително помали финансиски средства преку Националниот совет на албанското национално малцинство.
Нивниот број, според пописот од 2011.година, званично изнесува 5.809, додека, според пописот од 2002. година изнесувал 61.647.
Резултатите од пописот на населението во Србија од 2011.година ни даваат јасен одговор кои национални малцинства постојат и колкава е нивната бројност, што подоцна е земено како референтно за одредување на начинот за избор на национални совети на националните малцинства како и за одредување на бројот на членови на советот.

## Национални совети 2014.

До 2014. година функционирале 20 национални совети на националните малцинства, меѓу кои беше и Сојузот на еврејските општини, кој вршеше функција на национален совет за еврејското национално малцинство.
Оваа 2014. година се стекнаа услови за избори за уште 2 национални совета, и тоа: Национален совет на полското национално малцинство и Национален совет на црногорското национално малцинство.
Меѓутоа како би можеле овие два совета да бидат основани, потребно е успешно да се спроведат изборите.
Основање на национален совет на националното малцинство
За да може одредено национално малцинство да поведе постапка за формирање на национален совет, прво што треба да направи е да поднесе барање за формирање на посебен избирачки список кој мора да го поддржат минимум 5% од припадниците на тоа малцинство, а чиј број не може да биде помал од 300. Поддршката за формирање на посебен избирачки список се дава со лично пополнување на обрасците и со заверка на потписите.
Непосредни и електорски избори
По увидот во привремените избирачки списоци, утврдено е дека 4 совети не ги исполнуваат условите за спроведување на непосредни иизбори за национални совети на националните малцинства.
Тие совети ќе бидат избрани по пат на електорско собрание, додека останатите 17 совети ќе се избираат непосредно.
Поради утврдување на тоа дали се исполнети условите за непосредни избори, Министерството привремено ги

## Избори на десет јазици

**Рокот за предавање на изборните листи за Совети на националните малцинства е 10. октомври. Изборниот материјал ќе се печати на десет јазици, а ќе се гласа најмалку на 860 места.**

**Изборите се распишани за совети на албанско, ашкалиско, бошњачко, бугарско, буњевачко, влашко, грчко, египетско, унгарско, македонско,германско, полско, ромско, румунско, русинско, словачко, словеначко, украинско, хрватско, црногорско и чешко национално малцинство.**

**Турското и руското малцинство одлучија да не одат на избори, а Горанците се изјаснија дека не се чувствуваат како национално малцинство.**

“заклучува” посебните избирачки списоци, и тоа 24 часа пред распишувањето на изборите како би било јасно во моментот на распишување на изборите дали одредено национално малцинство својот совет го избира непосредно или преку електорско собрание.

## Рамноправност меѓу половите

Законот го заштити помалку застапениот пол така што услови на листите со кандидати, како што беше и за народните пратеници, меѓу секои три кандидати да има по еден припадник од помалку застапениот пол.
На тој начин, пред се, заштитени се жените и активно се вклучени во избирачкиот процес.

## Избирачки места и известување

Како и кај останатите избори, избирачките места кај непосредните избои за национални совети на националните малцинства се отвараат во 7 часот, а се затвараат во 20 часот. Во тој период избирачките места се непрекинато отворени.
Законот предвидува дека на секој избирач запишан на посебниот избирачки список, најдоцна 5 дена пред одржување на изборите, ќе му се достави известување за денот и времето на одржување на изборите со број и адреса на избирачкото место на кое се гласа и со број под кој е запишан во изводот од посебниот избирачки список.

## Избирачко место

Избирачкото место се одредува за гласање на најмалку 100, а најмногу 2.500 избирачи запишани во посебните избирачки списоци.
Со исклучок, избирачко место може да се одреди и за гласање на помалку од 100 избирачи, доколку поради оддалеченоста или неповолната географска положба, на избирачите би им било значително отежнато гласањето на некое друго избирачко место.



**Избирачкото место се одредува за гласање на најмалку 100, а најмногу 2.500 избирачи запишани во посебните избирачки списоци**

# >>> Надлежности на националните совети на националните малцинства

**Надлежностите на националните совети на националните малцинства се најинтересниот, но воедно и најоспоруваниот дел од Законот за национални совети на националните малцинства. Додека едни сметаат дека токму во тој дел од законот се огледува суштинскиот интерес да им се обезбеди вистинска автономија на националните малцинства, другите ја оспоруваат уставноста за давање на надлежност во толкав обем. Кон почетокот на годината и Уставниот суд се изјасни за надлежностите на националните совети оценувајќи дека некои одредби не се во согласност со Уставот на Република Србија.**

Покрај општите надлежности на националните совети на националните малцинства, Законот ги регулира и индивидуалните надлежности на советот во четири области, и тоа: во областа на културата, во областа на образованието, во областа на известувањето и во областа на службената употреба на јазикот и писмото.

Законодавецот процени дека се тоа области во кои надлежностите на националните совети можат поуспешно и поефикасно да го заштитат принципот на културна автономија и културен и етнички идентитет, како и тоа дека во тие области се наоѓаат специфичностите на националните малцинства. Сè друго е доволно заштитено и регулирано со Уставот и со Законите кои се однесуваат на сите граѓани на републиката.

Законот за националните совети на националните малцинства за надлежностите на националните совети им го посветува одделот 3 од Законот, набројувајќи ги во членот 10. општите надлежности, кои ги има вкупно 15. Законот вели дека Националниот совет во согласност со законот и со својот статут, преку своите органи самостојно:

1) го донесува и менува статутот на националниот совет;

2) донесува финансиски план, финансиски извештај и завршна сметка;

3) располага со сопствен имот;

4) одлучува за името, симболите и печатот на националниот совет;

5) ги утврдува предлозите за националните симболи, обележја и празници на националното малцинство;

6) основа установи, здруженија, фондации, стопански друштва во областа на културата и образованието, известувањето и службената употреба на јазикот и писмото;

7) предлага претставник на националното малцинство во советот за меѓунационални односи во единицата на локалната самоуправа;

8) востановува и доделува признанија;

9) иницира донесување и го следи спроведувањето на законите и останатите прописи од областа на културата, образованието, известувањето и службената употреба на јазикот и писмото;

10) учествува во подготовката на прописите и предлага измена и дополнување на прописите со кои се уредуваат со Устав загарантираните права на националните малцинства во областа на културата, образованието, известувањето и службената употреба на јазикот и писмото;

11) предлага посебни прописи и привремени мерки во областите во кои се остварува правото на самоуправа, поради постигнување на целосна рамноправност меѓу припадниците на националното малцинство и граѓаните кои му припаѓаат на мнозинството;

12) поведува постапка пред Народниот правобранител, покраинскиот и локален омбудсман и пред останатите надлежни органи, кога ќе процени дека дошло до повреда на со Устав загарантираните права и слободи на припадниците на националното малцинство;

13) поведува постапка од точката

12) од овој член во име на припадниците на националното малцинство, со претходно добиено писмено овластување;

14) зазема ставови, поведува иницијативи и презема мерки во врска со сите прашања кои се непосредно поврзани со положбата, идентитетот и правата на националното малцинство;

15) одлучува за останатите прашања кои му се доверени со закон.

## Надлежности во областа на образованието

На Националниот совет на националните малцинства со Закон му се доделени одновачки права односно право самостојно или заедно со Републиката, автономната покраина, локалната самоуправа или со други правни лица да основа установи за воспитување, образование, ученички и студентски стандарди.

Иако е основачкото право во областа на образованието, едно од темелните права произлезе од слободата на самоорганизирање во клучната област за зачувување на културниот идентитет, постојат бројни препреки во реализирањето на тоа право, а прва и основна е недостаток на средства за воспоставување на одржливи установи. Ова право секако важна улога ќе игра во иднина кога ќе бидат создадени услови националните совети да можат да ја искористат оваа законска можност.

До тогаш, националните совети имаат можност да влијаат на наставните планови и на програмите за основно и средно образование и воспитување и на основите на воспитната програма кои ја изразуваат посебноста на националното малцинство, а посебно од областа на историјата, музичкото и ликовното воспитување.

Со давање на мислење, националните совети, формално може да влијаат и на избор на директор на училиштето, на управниот одбор на училиштето или на некои други образовни или воспитни установи. Предвидено е во установите каде наставата се изведува на јазикот на националното малцинство, делумно или во целост, националниот совет да има право да предложи еден член на управниот одбор во установите во кои основач е Републиката, автономната покраина или единицата на локалната самоуправа.

Учебниците за спроведување на наставата на јазиците на националните малцинства ги одобрува Министерот

**Националниот совет предлага претставник на националното малцинство во советот за меѓунационални односи во единицата на локалната самоуправа**

**Останатите овластувања кои ги имал советот, како на пример, утврдување на критериуми за избор на главен и одговорен уредник, Уставниот суд ги ги оцени како неуставни**

кои националните совети имаат право според Законот, тие можат самостојно да востановуваат стипендии од сопствените средства, да одредуваат свој претставник во Националниот просветен совет и во Националниот совет за високо образование.

## Надлежности во областа на културата

Како и во областа на образованието, националните совети на националните малцинства, можат според законот самостојно или заедно со Републиката, автономната покраина или единицата на локалната самоуправа или со друго правно лице да основаат културни установи поради чување, унапредување и развој на културната посебност и чување на националниот идентитет на националното малцинство.

Националниот совет може да утврди за одредена културна установа, чиј основач е Републиката, дека е од посебно значење за чување на идентитетот на националното малцинство и во тој случај, националниот совет именува еден член на управниот одбор на установата и дава мислење за изборот на членовите на Управниот одбор и директорот.

Меѓу другото, националниот совет утврдува кои установи и манифестации од областа на културата имаат посебна важност за чувањето, унапредувањето и развојот на посебноста и на националниот идентитет на одреденото национално малцинство, ја утврдува стратегијата за развој на културата на националното малцинство и утврдува кои подвижни и неподвижни културни добра се од посебна важност за националното малцинство.

Останатите овластувања во областа на културата се однесуваат на давање на мислења и одредување на свој претставник во Националниот совет за култура, кој без право на одлучување, учествува во неговата работа кога се разгледуваат прашањата кои се важни за културата на националното малцинство.

## Надлежности во областа на информирањето

Што се однесува до областа на известувањето, законодавецот јасно го овласти Националниот совет на начин утврден со законот, самостојно или заедно со друго правно лице, да може да основа установи и стопански друштва за вршење на новинско-издавачки и радио-телевизиски дејности, печатење и репродукција на снимени медиуми и да врши права и обврски на основач.

Од друга страна, националниот совет, во медиумите чиј основач е Републиката, има право на мислење кога се работи за именување на главен и одговорен уредник за програми на јазиците на националните малцинства. Останатите овластувања кои ги имал советот, како на пример, утврдување на критериуми за избор на главен и одговорен уредник, Уставниот суд ги ги оцени како неуставни.

Како останати надлежности на советот во областа на известувањето, се наведуваат: усвојување на стратегијата за развој на информирањето на мајчин јазик, давање на разни предлози и препораки на републичките органи и одредување на претставник во Советот на Републичката радиодифузна агенција кој учествува во работата на Советот, но без право на одлучување, и тоа исклучиво само кога се разгледуваат прашањата во врска со информирањето на јазикот на националното малцинство.

## Надлежности во областа на службената употреба на јазикот и писмото

Службената употреба на јазикот на националното малцинство опфаќа:

- Употреба на личното име (име и презиме) и негово запишување во јавните исправи и званичните документи на јазикот и писмото на националното малцинство,
- Издавање на јавни исправи и водење на службени евиденции и збирки на лични податоци на јазикот и писмото на националното малцинство и прифаќање на тие исправи на тој јазик како валидни,
- Водење на управни и судски постапки на јазикот и писмото на националното малцинство
- Употреба на јазикот и писмото на националното малцинство кога се води постапката на српски јазик ,
- Употреба на јазикот и писмото на националното малцинство во комуникацијата на органите со јавни овластувања со граѓаните,
- Употреба на јазикот и писмото на националното малцинство на гласачките ливчиња и на избирачкиот материјал
- Употреба на јазикот и писмото на националното малцинство во работата на претставничките тела,
- Објавување на закони и останати прописи и на јазиците на националните малцинства
- Пишување на имињата на местата и на останатите географски имиња, имиња на улици и плоштади, имиња на органи и организации, сообраќајни знаци, известувања и предупредувања за јавноста и други јавни натписи и на јазиците на националните малцинства,
- Пишување на имињата на фирми, претпријатија, установи и други правни лица и на јазикот на националното малцинство.

Повелбата за регионални и малцински јазици на Советот на Европа претставува најважен меѓународен договор од оваа област.

Со ратификација на Повелбата за регионални и малцински јазици Србија во поглед на употребата на малцинските јазици пред правосудните органи се обврза во кривичните постапки на обвинетиот да му гарантира право на употреба на сопствениот регионален или малцински јазик, и да обезбеди барањето и доказот, без оглед на тоа дали се во писмена или умена форма, да не се сметаат за неприфатливи само поради тоа што се формулирани на регионалниот или малцинскиот јазик.

Во поглед на употребата на малцинскиот јазик во граѓанските предмети и управните спорови, Србија се обврза да дозволи странката, кога треба да се појави лично пред судот, да може да го користи сопствениот регионален или малцински јазик без било какви дополнителни трошоци. Покрај тоа, Србија се обврза остварувањето на овие права на употреба на јазикот и било кое неопходно користење на преведувач да не им предизвикува дополнителни трошоци на заинтересираните лица.

Србија се обврза и да не ја негира валидноста на правните документи составени на регионалниот или малцински јазик, како и најважните национални законодавни текстови да ги направи достапни и на регионалните или малцински јазици.

**Повелбата за регионални и малцински јазици на Советот на Европа претставува најважен меѓународен договор од оваа област**

Centar za istraživanja migracija
Center for Migration Studies

Публикацијата финансиски ја поддржува Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Белград, Мисијата ОЕБС во Србија и Фондацијата за отворено општество. Мислењата објавени во публикацијата не ги претставуваат официјалните ставови на Владата и организациите кои го финансираат овој проект